

ОД КНИГАТА
**ЖИВОТ ПО СМРТТА,**
на Митрополит Навпактски Јеротеј Влахос

# За животот по смртта

*... Карактеристичното обележје на секуларизмот се гледа во пресудното и важно прашање на смртта, и сето она што е со неа поврзано. Постојат луѓе, дури и христијани, на коишто прашањето за смртта им е одбивно и се однесуваат како да се бесмртни внатре во границите на својот биолошки живот.*

*Тие не размислуваат за смртта иако ја гледаат во сè што постои наоколу. Има и такви коишто смртта ја сметаат за последен чин на животот, бидејќи, како што мислат тие, не постои ништо по неа. Има и таков вид на луѓе, коишто есхатологијата ја стеснуваат на иднината, без да се притоа свесни дека последните нешта се доживуваат во овој, сегашниот живот. Последните нешта можат да се надминат единствено по пат на нивното доживување внатре Црквата.*

*Таквите особености на нашето време создаваат огромни проблеми и во човечките животи и во општествата. Се сфати дека порекнувањето на реалноста на смртта не му помогна на човекот да ужива во животот. На тој начин е изолиран еден дел од неговиот живот, бидејќи животот и смртта се наоѓаат во единство.Оној кој не знае да одговори на прашањето што е смртта, не може да разбере ни што е живот(от). Овде се случува истото она што се случува и при промената на денот и ноќта или промената на годишните времиња. Секое годишно време носи посебна благодат. Човекот ужива во секое од нив согледувајќи го во перспективата на сите останати. Дури и ноќта има своја величенственост. Освен тоа, ние величенственоста на денот ја сфаќаме благодарение на ноќта. Негирањето и отфрлањето на смртта од нашиот живот предизвика многу проблеми, така што современиот човек покажува голем интерес за темите поврзани со смртта. Танатологијата денес стана посебна наука. Швајцарскиот психолог Пијаже дојде до заклучок дека детето на возраст од 7 до 11 години за првпат станува свесно дека смртта е непобитен факт; тоа е нешто конечно во човековиот живот и тоа во него предизвикува остра егзистенцијална криза.*

*Освен тоа, доколку би се испитала длабочината на современите проблеми како што се сида-та, наркоманијата или појавувањето на анархизам, би се видело дека смртта е нивната појдовна точка.*

*... Нека Бог ни подари да ја победиме смртта почнувајќи од овој, сегашен живот, и кога ќе се исполни времето, да починеме внатре во Црквата со надеж на воскресение. Тоа е исполнувањето на нашата цел како човечки суштества и како христијани. Тоа исто така мора да биде и наша длабока цел.*

*Внатре таа перспектива ќе станеме почовечни сè додека го живееме овоземниот живот.*

(од предговорот на книгата „Живот по смртта“ М.Ј.Влахос)

Љубовта Божја, човекољубието и добрината се Негова несоздадена (нетварна) енергија, којашто во идниот живот ќе им биде упатена и на праведните и на неправедните. Меѓутоа, тие различно ќе ја доживуваат таа љубов. Праведниците ќе имаат удел во Бога, додека неисцелените ќе Го видат Бога, но нема да Му бидат причесни и нема да имаат заедница со Него.

# Вечниот живот

По последниот суд, којшто ќе се случи при Второто Христово доаѓање, ќе започне вечниот живот. Тоа ќе се доживее на два начина - како вечен рај и вечен пекол. Св. Максим Исповедник вечниот рај би го нарекол „вечно добробитие", а пеколот „вечно злобитие". Во секој случај, и рајот и пеколот се „вечно битие", но се разликуваат како видови на искуства, во согласност со состојбата на личноста.

Човекот не престанува да постои кога ќе умре, ниту на идниот суд, туку животот се продолжува дури и после тоа. Грешникот по судот нема да биде уништен и вечно ќе живее, пламтејќи во енергијата на божествената благодат. Тоа е, се разбира, исходот на слободата на изборот.

Иако и пеколот е вечен, изразот „вечен живот" воглавно се употребува во врска со животот во Христа, бидејќи животот оддалечен од Бог всушност, исто така се нарекува смрт. Заради тоа Христос рече: „А ова е животот вечен да Те познаат Тебе, едниот вистинит Бог и Оној Кој Го прати Исуса Христа " (Јн. 17,3) Познанието на Бога и заедницата со Исуса Христа се, и се нарекуваат, вечен живот.

Уште една Христова изрека може да се согледа во таа светлина: „Вистина, вистина ви велам: кој го слуша словото Мое и Му верува на Оној Кој ме прати, има живот вечен и нема да дојде на суд, туку преминал од смрт во живот " (Јн. 5,24). Сегашниот живот е наречен смрт, додека надминувањето на смртта и заедницата со Бога се сметаат за вистински живот.

Вечниот живот е поврзан со човековото спасение и неговата причесност на славата Божја. Апостол Павле, сеќавајќи се на неволјите и искушенијата кои ги помина заради славата Божја, му напиша на својот ученик Тимотеј: Затоа и поднесувам сѐ, заради избраните, та и тие да го добијат спасението кое е во Христа Исуса со слава вечна (2Тим. 2, 10). Истото го кажува и апостол Петар: А Бог на секоја благодат, Кој нѐ повика во вечната слава Своја во Исуса Христа, нека Он, откако малку пострадате, ве усоврши, утврди, укрепи, ве зацврсти " (1 Пет. 5,10).

Изразот „вечен живот", значи, во поголема мера се користи за заедницата и единството на човекот со Бога, на причесноста со вечниот Бог и на видувањето на нетварната светлина. Во таа смисла ќе го разгледаме следново.

Повторно мораме да нагласиме дека дури и животот на грешниците и пеколот се вечни, бидејќи и душите на грешниците, заради благодатта Божја, се исто така, вечни. Но ние во овој текст изразот „вечен живот" воглавно ќе го применуваме во сотириолошка смисла, како заедница со Бог и причесност со славата Божја.

За оние луѓе коишто пред смртта пристапиле кон покајание усовршувањето ќе продолжи и во идниот живот. Усовршувањето е бесконечно, тоа нема крај и не завршува. Освен тоа, човечката природа е ограничена, додека Бог е бесконечен.

При Второто Христово доаѓање, природата ќе биде воспоставена, но нема да биде воспоставена волјата. Сè ќе се стекне со бесмртност, телата повторно ќе станат, но човековата волја и неговото лично мислење нема да се изменат. Тие и таму ќе продолжат во согласност со изборот со кој живееле во својот биолошки живот. Дури и грешниците ќе го спознаат Бога, и тие ќе Го видат, но нема да Му бидат причесни. Казнувањето не е отсуство Божјо, туку непричесност на Бога и Негово присуство како огин кој согорува.



# Царството Божјо

Во Светото Писмо и светотечката литература изразите како „Царство Божјо“, „Царство небесно“, „рај“, имаат исто значење. Тоа се синоними коишто ја означуваат човековата причесност на славата Божја. Тоа започнува уште во овој живот, се продолжува во животот по смртта и ќе ја достигне својата полнота во животот по Второто Христово доаѓање, бидејќи во меѓувреме ќе воскреснат и човечките тела.

Свети Симеон Нов Богослов, кога говори за Царството Божјо, вели дека царството Божјо е „поседување на Самиот Бог“. Оваа фраза е мошне впечатлива. Ние сме навистина убедени дека човекот ќе го види тоа богатство на славата на Царството небесно. Обожениот човек е „оној кој ја гледа таа слава“.

Причесност кон благодатта Божја се нарекува причесност кон Царството. Повторно Свети Симеон Нов Богослов силно се изразува: „Царството небесно е причесност на Светиот Дух“. Христос, Кој ќе се јави при Второто доаѓање, е опишан како „наш најмил и најсладок цар Исус Христос и Бог“. Постоењето на овој небесен Цар и човековото единство со Него, коешто го следи Хриството блескање во светите и блескањето на светите во Христа, е гледање и причесност на Царството.

Нека ми биде дозволено да ги употребам зборовите на Светиот Симеон Нов Богослов, бидејќи тоа не може поинаку да се искаже. За праведниците Царството Божјо е „како на секое место човек да Го гледа само Царот на вселената; Он ќе биде присутен за секого и секој ќе биде присутен за Него; Он ќе блеска во секого и секој ќе блеска во Него“.

Се чини дека, она што се нарекува Царство Божјо, е меѓусебната размена помеѓу Христос и верникот. Христос ќе обитува внатре праведникот, Он ќе го прослави и прославената личност ќе биде озарена (осветена и од Господ просветлена), бидејќи ќе биде во заедница со божествената и несоздадена Светлина.

Злото ќе биде непостоечко, бидејќи дури и сега злото е отсуство на добро и отуѓеност од него. Ноќта не постои онтолошки, таа е отсуство на сонце(то). Кога ќе се појави Сонцето на правдата, повеќе нема да има зло. Смртта исто така ќе биде уништена смртта од која потекнуваат бесконечни зла, многу страсти и гревови. Фактот дека злото ќе биде непостоечко не значи дека грешниците и неисцелените души исто така нема да постојат. Човековото постоење е едно, а друго е неговата причесност со Бога и заедницата со Него, нешта што го сочинуваат вистинскиот живот.

Царството Божјо не е создадена стварност, тоа не се овоземски околности, туку причесност на славата Божја. Неопходно е да се каже ова, бидејќи денес можат да се сретнат најразлични толкувања за Царството Божјо. Сметаме дека погрешното толкување на значењето на Царството Божјо има страшни последици за нашиот духовен и општествен живот. И самиот морал е поврзан со ова богословско искривување.

Свети Андреј, епископот критски, учи дека Царството Божјо е да се види Бог и да се биде виден од Него. Свети Јован Дамаскин, говорејќи за Преображението Христово, коешто е едно искуство на Царството Божјо, вели дека во идниот век „секогаш ќе бидеме во Господа, гледајќи Го Христа како блеска во светлината на божеството.“

Сите свети Отци се движат во рамките на истата таа перспектива. Свети Григориј Палама, којшто може да се опише како богослов на несоздадената Светлина, се повикува на „совршенството на идниот век“. Служејќи се со зборовите на Светиот Јован Богослов, за тоа дека, кога ќе се јави Христос, ќе бидеме како Он, вели дека тогаш ќе бидеме деца Божји „гледајќи и бивајќи допрени од блескавоста Божја, и озарени од проблесокот на славата Христова и светлејќи со Него“. Светителите „ќе блескаат со блескавоста Христова и ќе сјаат со Него“. Така славата Божја ќе стане и слава на праведниците, со таа разлика што славата Божја е природна, додека славата на луѓето е благодатна и е дар Божји.

Иако ќе постои разлика во причесноста на славата Божја, зависно од духовната состојба на праведникот, во Царството Небесно, без оглед на тоа, ќе бидат укинати сите сталежи меѓу луѓето, оти таму нема да има „учители и ученици“. Во Царството Божјо навистина ќе биде укинат поредокот на оние што подучуваат и оние што учат“ (Свети Исак Сирин: „Подвижнички беседи“)

Светите Отци постојано ја нагласуваат вистината дека вкусувањето на Царството Божјо започнува уште во овој живот. Наслaдувањето со идните блаженства „почнува овде и сега“ (Свети Максим Исповедник).